ПРОТОКОЛ ЗА РАБОТА, ДЕЈСТВУВАЊЕ И ОДНЕСУВАЊЕ НА РАБОТНО МЕСТО ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА ВО ОДНОС НА РАСПОРЕД, РАСТОЈАНИЕ ВО РАБОТНИТЕ ПРОСТОРИИ И НОСЕЊЕ ЛИЧНА ЗАШТИТА

Врз основа на уредбите од Владата училиштето го спроведува следниот протокол:

- На влезот од училиштето задолжително се поставува средство за дезинфекција на обувките и рацете

- При влегување во училиштето на секој вработен задолжително се мери телесната температура со дигитален термометар

- На влезот од училиштето се поставува едукативно – информативни материјали за почитување на заштитните превентивни мерки: носење заштитни маски, одржување на физичко растојание, редовно дезинфицирање на рацете, правилна респираторна хигиена

- Во училиштето е потребно редовно и зачестено одржување на хигиената на тоалетите со задолжително водење на евиденција за спроведеното чистење и употреба на дезинфекциони средства кои делуваат на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05 % натриум хипохлорид (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:1000) или 70% алкохол за дезинфекција за горни површини.

- Задолжително се поставува средство за дезинфекција на рацете во секоја просторија на училиштето

- Во текот на работното време задолжително носење на заштитна маска и ракавици

- Да се почитуваат општите мерки за повисоко ниво на лична и општа хигиена (зачестено миење на раце или употреба на дезинфекционо средство за раце на база на алкохол).

- Се забранува групирање на присутните во училиштето.

- Да се почитува најмалку 2 метри оддалеченост меѓу присутните во просторијата

- Во наставничка канцеларија се влегува по потреба и во една просторија може да присуствуваат најмногу 3 лица.

- Почесто проветрување на просториите во училиштето

- Пред и по завршување на работното време, просториите да се исчистат и да се дезинфицира подот и останатите површини со средство кое делува на вируси според упатство од производителот